24.01.2017г.

## О Д Л У К А

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Марк Бранов, за текстот со наслов "Каде се загуби дијаспората?", објавен на 15.12.2016 во дневниот весник Нова Македонија и на Интернет порталот на весникот (www.novamakedonija.com.mk)**

## Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во член 1.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 15.12.2016 година, Марк Бранов поднесе жалба за текстот со наслов "Каде се загуби дијаспората?", објавен на 15.12.2016 во дневниот весник Нова Македонија и на Интернет порталот на весникот (www.novamakedonija.com.mk).

Во образложението на жалбата Бранов наведува дека во текстот, освен неговите одговори на прашањата кои биле пратени од Нова Македонија, се додадени и други делови кои не се кажани од него, а се претставуваат како такви.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Нова Македонија и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Главниот и одговорен уредник на Нова Македонија, Александар Димковски, достави одговор на наводите на жалителот. Во одговорот Димковски вели дека во споменатиот текст се провлекла техничка грешка, односно делот каде што завршува изјавата на соговорникот Бранов не е одвоен со интерпункциски знак (-) или со запирка, поради што се добива впечаток како и продолжената реченица да е дел од неговата изјава. Се вели дека воопшто не станува збор за менување на суштината на исказот или некаква недолична или навредлива содржина, туку, едноставно, помеѓу изјавите на неколкуте соговорници во темата е извлечен сублимиран новинарски осврт, по што се продолжува со изјавите. Димковски додава дека изјавите не може да се лепат една врз друга и авторот го обликува текстот без притоа да се менуваат изјавите на соговорниците ниту, пак, суштината на темата. Тој во образложението на одговорот нагласува дека единствениот технички пропуст е испуштената цртичка или запирка, каде што завршува изјавата на Бранов, заради што и се добил впечатокот дека цитатот продолжува на што и реагира соговорникот. На крај од одговорот се вели дека, почитувајќи ги професионалните и новинарски стандарди и етички принципи во известувањето, од Нова Македонија веднаш направиле исправка на сајтот, а исто така објавиле и појаснување во печатеното издание на весникот.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Во исто време, жалителот Бранов, го информира Советот за етика дека не е задоволен од исправката на сајтот и од појаснувањето објавено во печатеното издание на весникот и дека очекува јавно признавање на грешката и јавно извинување.

И покрај обидот за медијација, двете страни не најдоа начин за надминување на ова недоразбирање, со што случајот се предаде на разгледување на Комисијата за жалби.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 16.01.2017 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот, направи увид во наведениот текст, а ги разгледа и преписките од главниот и одговорен уредник на Нова Македонија Александар Димковски и од жалителот, Марк Бранов.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Каде се загуби дијаспората?", објавен на 15.12.2016 во дневниот весник Нова Македонија и на Интернет порталот на весникот, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилитетот и професионалноста на прилогот. Секогаш треба да се стреми да се задржи оригиналниот контекст на сите цитати или извадоци. Новинарското известување не смее да ја смени смислата на реченицата, изјавата или цитатот.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзува Нова Македонија и Интернет порталот на весникот (www.novamakedonija.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595